Александар Трпески



# ГРАДИНА БЕЗ МРАК

*Втора Мојсеева 17,6*

**Александар Трпески**

# Градина без мрак

Поемата во електронска форма може бесплатно да
ја најдете на интернет страницата
www.votvojaslava.mk

2019

*Издавач:* Александар Трпески

*За издавачот:* Александар Трпески

*Автор:* Александар Трпески

*Лектор:* Даниел Медароски

*Корица:* Познат уметник

*Графичко уредување:* „Студио КРУГ“

*Печати:* Маринг - Скопје

*Тираж:* 1.000 примероци

---

CIP – Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека
„Св. Климент Охридски“, Скопје

ISBN 978-608-66450-0-7

***Содржина:***

*Страна 25* - Девојката со руво од оган

*Страна 28* - Девојката со руво од вода

*Страна 31* - Девојката со руво од земја

*Страна 38* - Жената со руво во бело

*Страна 39* - Девојката со руво од виножито

* * *

... Имаа многу деца и среќно си живееја.

...

Тој, кога ќе ги затвореше очите, ја гледаше неа.
Кога беа разделени таа беше со него,
сè и кажуваше, освен тајните на пријателите.
Ја гледаше со радост кога беше покрај него.
Секое милување беше подобро од претходното,
ѝ беше пријател, слуга, љубовник, и сè заедно.
Ја сакаше бескрајно со разум и срце, сонуваше буден.
Таа беше идеална.

* * *

* * *

Таа, кога мислеше на него
се вжаруваа нејзините гради,
нетрпеливо чекаше да ја прегрне.
Беше пријател, љубовница
сакаше да му служи.
Беше самостојна, но сакаше да биде со него.
Ја почитуваше машката интима,
беше негова принцеза на бел коњ.
Кога молчеа не ѝ беше непријатно,
го разбираше погледот,
кога разговараше не се караше
и не се дереше.
Не се миреше со него, немаше потреба.
Тој беше идеален.

* * *

* * *

Се надополнуваа, едно тело без непријатели
нивните непријатели одамна се мртви.
Едно тело кое живееше во најубавата градина,
со опојни мириси од најубавите цветови,
од најубавите плодови на мислите и чувствата
кои доаѓаа од нивното неподелено срце.

* * *

* * *

Поету,
сега претера. Досега издржав да не се мешам, ама ова не може да го премолчам. Невозможно е срećно да живеат, а уште поневозможно е смртта да не ги раздели.
Како може да бидат срećни кога домот треба да се изгради, да се одржува? Треба да се готви, чисти и пере.
И каква е таа градина која нема коров ни крвопијни инсекти и животни?

* * *

* * *

Човеку,
вреден си да ти одговорам. Порано и ти престојуваше во таа градина.
Знаеш дека не е секој вреден за одговор. Не треба да се вади бисер пред свиња, таа ќе те нападне, а бисерите ќе ги изгмечи.
...
Човеку, се сеќаваш кога таа ти ја спремаше облеката? Ги луфтираше твоите кондури и ги переше твоите гаќи? Те држеше додека повраќаш, ти го бришеше носот?
Се сеќаваш кога ти подаваше чаша вино со насмевка, а кога ќе претераше, не ти приговараше?
Легнуваше покрај тебе и ти лежеше на твоите гради. Постелата во која спиеше мирисаше на опојни мириси.
Се сеќаваш кога вашите мисли и чувства беа сочни и вкусни плодови? Кога утрото мирисаше на подготвената храна, кога престојуваше во најубавата градина.

* * *

* * *

Поету,
како може да заборавам, тоа не се заборава? Уште помалку се заборава како тие опојни мириси ветрееја. Кога најпрво се каравме, потоа се миревме со страствен секс, со урагани од нашите немири за понекогаш да разговаравме.
Кога плодовите беа отровни, и во пустина баравме капка вода.
Затоа поету ти велам дека претера. Невозможно е среќно да се живее, а уште поневозможно вечно да се престојува во миризливата градина.
...
А ете дури и да ти поверувам дека е возможно да постои идеална жена, зарем секојдневието нема да се претвори во бескрајна здодевност?

* * *

* * *

Човеку,
зошто не ме оставаш да ја довршам мојата песна?
Оди си, зарем не гледаш дека постои идеална жена?
Зарем не гледаш дека нејзините гради се градина,
два цвета нераспадливи кои живот даваат?
Градина со свежи мириси без магли мрачни, а од таму извираат зборови светли кои течат од усните и раѓаат постапки топли.
Не гледаш ли дека не сме млаки со разделено срце?

* * *

* * *

Поету,
те молам помогни ми да ја најдам мојата идеална жена! Помогни ми како нејзините гради да ги залевам со вечност! Да не венеат двата цвета, во мене да гледаат! Помогни ми да не бидам светол и темен со разделени гради!

...

Човеку,
добро, добро ќе ја послушам твојата желба. Почна да раскажува: Некогаш одамна во една земја си живееше едно дете...

* * *

* * *

Растеше детето во топол дом со родителска грижа.
Неговите родители му помагаа да научи да оди, да трча.
Му помагаа да научи да вози велосипед на четири, потоа на две, а тој сам научи да вози на едно тркало. Го учеа и си играа, му помагаа да плива без гума.
Му помагаа да научи да чита и пишува, го учеа да ги поздравува соседите и пријателите.
Свесно и несвесно му помагаа за многу работи.
За некои несвесно му одмагаа, не знаеја дека бракот не е заедница само од маж и жена, туку бракот е заедница од три личности, кои се едно.
...
Детето растеше, го учеа дека децата ги носи штркот.
Кога гледаше филм каде имаше сцена со бакнување, ги затвораше очите и ѕиркаше низ малите прстиња.
Понекогаш кога ќе дојдеа некои од роднините и пријателите, ќе му речеа: „Растит курето“, и заедно сите се смееја.
А курето беше моливче што пишуваше жолто. И за да не пишува на постелата, го будеа и станувaa.

* * *

* * *

Дојде време и детето почна да оди во градинка.

...

Еден ден во градинката си играше со другарчињата. Играа чудна игра, ѕиркање под здолништето на учителката.

Учителката поминуваше помеѓу редовите од креветчиња и ги покриваше дечињата за да спијат. А кога ќе се наведнеше, некои од децата зад неа ѝ ѕиркаа под здолништето.

А детето се задржа најдолго и учетелката го виде. Го искара и ги повика неговите родители да го воспитаат подобро.

* * *

* * *

Дојде време и детето почна да оди на училиште.

Учеше и си играше со другарчињата. Кога си одеа дома, ги бркаа девојчињата и со креда им ги чкртаа нивните чанти.

Двојчињата сакаа да ги фатат, но и да им бегаат.

...

Еден ден детето гледаше документарец на телевизија, гледаше како се пораѓа крава и како телето проодува.

Ги пречека своите родители и им рече: „Кравата го роди телето од газот“.

Од тогаш работите не беа исти, почна да се распрашува за раѓањето. Ги прашуваше другарчињата како настанува и како се раѓа дете.

Еден ден враќајќи се од училиште, едно од децата му рече: „Јас знам како се прави и раѓа дете“. Детето слушаше концентрирано да не пропушти нешто, а другарчето гордо му рече: „Жените имаат нешто што ние немаме. Треба да го пикниш моливот, по девет месеци ќе се породи“.

Детето се подзамисли и му рече: „Само да го пикниш моливот, да не треба уште нешто да направиш?“

Искусното другарче рече: „Во право си, веројатно треба да се измочаш, нема што друго“.

Се разделиј,а си заминаа секој во својот дом.

* * *

* * *

Дознавајќи ја тајната за раѓањето, детето стана момче.

...

Еден ден момчето седна покрај една другарка.

Тогаш почувствува нешто во неговите гради. Не знаеше што е тоа, му кажаа дека се вика симпатија. Подоцна имаше друга симпатија, па друга, но сепак играта со другарчињата му беше поважна.

...

Еден ден во училиштето си играше со едно другарче, но се налутија и се скараа.

Другарчето со кое се скараа поседуваше моќ да убедува. Ги убеди другите деца дека не треба да се дружат со момчето затоа што тие се скараа.

Кога дојде момчето во училницата, виде дека го избегнуваат. Не знаеше што се случува, но брзо сфати дека другарчињата со кои се дружеше се заведени и дека треба да биде сам.

Момчето отиде кај девојчињата и им кажа за што е обвинет. Тие му дозволија да се дружи со нив за да не е сам.

Момчето размислуваше: „Девојчињата ме спасија, без нив ќе седев отфрлен, а вака сите ми завидуваат“.

Другарчето со моќ да убедува виде дека не му успеа планот дека е поинтересно на другата страна, се смири со момчето.

Другарчињата подоцна едно по едно му се смирија на момчето. Беше чудно, момчето прво ги презираше, но подоцна им прости.

Подоцна момчето и другарчето со моќ да убедува, беа како ден и ноќ. Иако различни, ги спои играта, фантазијата, желбата да ги освојуваат девојчињата. Станаа најдобри другари.

...

Еден ден целиот клас имаше час во природа.

За време на паузата, момчето, најдоброто другарче и уште неколку деца се скрија под едно дрво и запалија цигари. Додека пушеа, и им се вртеше во главата, дојдоа неколку деца. Кога ги видеа како пушат, веднаш потрчаа и веднаш ѝ кажаа на учителката.

Пушачите беа преплашени, но најдоброто другарче рече: „Правите како што ќе ви речам“. Тие отидоа кај учителката и ѝ се извинија и рекоа дека нема да се повтори.

Таа им рече: „Нема да им кажам на вашите родители, но ова да не се повтори“.

Тоа беше победа за пушачите кои им се смееја на другите деца нарекувајќи ги предавници.

...

Момчето седеше во својот дом.

Само што си помисли нема да дознаат родителите, некој заѕвони на вратата. Влезе сосетката чија ќерка беше со предавниците.

Момчето отиде во неговата соба и ја чекаше заслужената казна.
Се отвори вратата и влезе татко му. Момчето се стегна и замижа, очекувајќи силен шамар. Но не само што доби шамар, туку го доби и најголемиот шамар кој никогаш не го заборави. Татко му се приближи и со рака го погали замижаното лице, му рече: „Пушењето е штетно, не е добро тоа да го правиш“.
Момчето се прашуваше во себе: „Зошто не ме удира и зошто ова неудирање толку многу ме боли?“
За разлика од другарчињата, момчето повеќе не запали цигара.
...
Еден ден момчето и пушачите отидоа на плажа со велосипеди.
Ги паркираа велосипедите, ги постелија пешкирите и легнаа на стомак. Тогаш едно другарче извади карти со голи жени. Сите внимателно гледаа и ги разменуваа меѓу себе картите. Тогаш едно од децата им рече на другите: „Видете ја дупкава!“ Во песокот се гледаше дупка од неговото моливче. Сите ги покажуваа дупките во песокот и гледаа која е најголема.

* * *

* * *

Еден ден момчето седеше во својот дом.

Ги извади картите и почна да го чепка моливчето. Го оштреше сѐ побрзо, наеднаш сиот оган што го чувствуваше се претвори во струја.

Тоа беше чудо, едвај чекаше да им каже на другарчињата.

Наредниот ден момчето дојде во училницата, му кажа на најверното другарче за чудото, а тој му рече: „Брат ми ме научи да го оштрам пред три години“.

Момчето виде дека чудото за никого не беше чудо. Разбра дека на некои другарчиња моливот им пишува бело.

* * *

* * *

Подоцна едно момче од соседната зграда фати девојка. Сосетчето беше мангуп, со шатирана коса кренатa со гел.

Момчето си велеше: „Зошто таа не е моја девојка"? Иако никогаш не ѝ кажа дека сака да му биде девојка.

Тогаш момчето си рече: „Можеби таа не е за мене или можеби девојките бараат нешто што јас немам".

Се присети кога помисли: „Девојчињата ме спасија", а сега виде дека извиси и не знае ништо за нив.

* * *

* * *

И најдоброто другарче имаше девојка, но сакаше уште една.

Отиде и ѝ кажа на нејзината другарка да ѝ пренесе дека му се допаѓа. Нејзината другарка ја пренесе пораката и наредниот ден му одговори: „Таа е заинтересирана за твојот најдобар другар, момчето“. Тогаш направија договор, нејзината другарка и момчето нека се сретнат, а тие двајцата да бидат дечко и девојка.

Така наредниот сончев и убав ден, излегоа да се шетаат два пара.

Момчето и девојката се шетаа и уживаа во убавата природа. Убава беше и девојката со средена фарбана кратка коса. Додека шетаа и разговараа, им се сретнаа погледите. Се доближаа со усните, а момчето почувствува јазик.

Тоа за него беше првиот бакнеж со туѓ јазик, кој правеше кругови и му ги превртуваше цревата. Подоцна почна лачењето на плунка која надоаѓаше како да се имаше прејадено мед, си мислеше ќе поврати. Сепак тоа беше нешто што одамна го посакуваше.

Врската како што почна, така и заврши.

Разделбата за девојката изгледаше дека е тешка, а момчето лесно се раздели, но подоцна мислеше дека згреши.

Почувствува дека нешто гори во неговите гради, почувствува дека е жив.
Ја бараше по телефон, но тогаш немаше мобилни. Се јавуваше нејзината мајка, а тој го спушташе телефонот. Сакаше да ја пречека пред школо или пред нејзиниот дом, но по два дена огнот во неговите гради го снема.
Лудилото изчезна и се се врати во нормала.

* * *

* * *

Момчето растеше и научи како да им приоѓа на девојчињата.

На полагање испит одеше кај братот на најдобриот другар. Полагаа приоѓање, танц и кажување мудри мисли.

Дојде време и момчето го запишаа во средно училиште.

* * *

* * *

Момчето се запраша како сака да изгледа неговата девојка.

Како изгледа, што треба да поседува идеалната девојка? Ги затвори очите и проба да ја замисли. Тогаш виде дека не знае како изгледа. Но ја виде нејзината насмевка. Виде дека кога ќе се насмевне треба да му биде убава.

* * *

* * *

Еден ден ја здогледа девојката со руво од оган.
Ја фати за рака, насмевката што ја бараше.

Тоа беше мигот кога зачекорија во моменти,
неразделни мислеа еден на друг, се гледаа.
Момчето повторно живееше во градината,
две сочни круши го хранеа, живот му даваа.

Еден покрај друг беа испреплетени во сонот.
Реално во градината ечеше најубавата песна.
Сјаеја нивните очи, во нив гореше силен оган,
се заплискуваа со езерата на нивната чистота.

Во таа леснотија се кинеа нивните окови.
Во високи пространства лебдеа како лист,
безгрижно уживаа во вртењата на сите страни.
Без страв безбедно се приземјија на оазата,
во нивните срца, огнот водата ја грееше.

Ги ширеја рацете, сакаа да го прегрнат срцето,
но езерската шир не го опфати бескрајот.

Прекрасни им беа знаењата во возвишеноста,
големини од кои поблагородни се разбудија.
Беа злато што се прочисти низ оган,
но сепак не ја им симна целата нечистотија.
Прво се караа, потоа со разговор се миреа.

Пресилно замавнуваа со камшиците од страсти,
им се обвитка страшна болка за разделба.

* * *

* * *

Момчето отфрли една голема машка нечистотија.

Да не е затворен, туку се трудеше да ги кажува чувствата. Знаеше дека не може тоа да го прави често и без прекин како девојките, но сепак се трудеше колку што можеше.

...

Момчето стана делумен маж.

Повторно се запраша како изгледа идеалната девојка. Ги затвори очите и виде, колку повеќе дознава за неа, толку повеќе дознава за себе. Повторно ја виде убавата насмевка.

Но сега ја познаваше нејзината елеганција и дипломатија.

Од далечина ја виде нејзината верност.

Сакаше да ја пронајде за да не остане делумнен маж.

...

Дојде време и се запиша на факултет.

* * *

* * *

Еден ден ја здогледа девојката со руво од вода.
Ја фати за рака, насмевката што ја бараше.

Тоа беше мигот кога зачекорија во моменти,
неразделни мислеа еден на друг, се гледаа.
Момчето повторно живеше во градината,
две сочни дуњи го хранеа, живот му даваа.

Повторно ја слушаше најубавата песна.
Се разгори светилникот заплискуван од водата,
со блискост и доверба влегоа во градината.
Се заплискуваа со морето на нивната чистота.

Во тие бранувања се кинеа нивните окови.
Како делфин пливаа покрај подводен гребен,
безгрижно уживаа во вртењата на сите страни.
Без страв безбедно допловија до пристаништето,
во нивните срца, каде водата огнот го разгорува.

Ги ширеја рацете, сакаа да го прегрнат срцето,
но езерската шир не го опфати бескрајот.

Прекрасни им беа знаењата од длабочините,
големини од кои поблагородни се разбудија.
Беа бисер што се создаваше во водата,
но не успеаја да го извлечат на виделина.
Прво се караа, потоа со разговор се миреа.

Пресилни беа брановите од нивните страсти,
им се обвитка страшна болка за разделба.

* * *

* * *

Делумниот маж сакаше да отфрли уште нечистотии. Почна да се труди да не избувнува. Да не му спушта црна завеса кога го обвинуваат кога е во право, а не може да докаже, колку и да се труди.

Сакаше да биде подобар човек, да стане верен.

Се подготвуваше да стане маж без разделено срце.

...

Делумниот маж остана делумен маж.

Повторно се запраша како изгледа идеалната девојка. Ги затвори очите и ја виде убавата насмевка, нејзината елеганција, дипломатија и верност.

Но сега ја познаваше разиграноста, нежноста.

Од далечина ја виде нејзината посветеност да има цел да може да биде самостојна, а да сака да е со мажот. Да препознае дека важни се децата, но поважен е мажот.

Сакаше да ја пронајде за да не остане делумен маж.

...

Сакаше целосно да се посвети на студирањето, да нема други обврски.

* * *

* * *

Тогаш ја здогледа девојката со руво од земја.
Ја фати за рака, насмевката што ја бараше.

Тоа беше мигот кога зачекорија во моменти,
неразделни мислеа еден на друг, се гледаа.
Момчето повторно живееше во градината,
две диви круши го хранеа, живот му даваа.

Повторно ја слушаше најубавата песна.
Се разбуду гејзерот на мирисната планинска ливада
со најубавите мисли и чувствата влегоа во градината.
Се заплискуваа со небескиот океан на нивната чистота.

Тој водоскок ги искина сите нивни окови.
Како човек што се релаксира во најубавата бања,
безгрижно уживаа во вртењата на сите страни.
Без страв безбедно пристигнаа во небесниот град
во нивните срца, од каде што тече бистрата река.

Ги ширеја рацете, сакаа да го прегрнат срцето,
со небескиот океан го дофатија бескрајот.

Прекрасни им беа знеаењата од височините,
големини од кои поблагородни се разбудија.
Беа синапово зрно, кое порасна во небесно дрво.
Свесно го пресекоа дрвото, не го сочуваа,
иако научија да разговараат, без да се караат.

Восхитувачки беше гејзерот од нивните страсти,
но сепак одлуката за разделба беше донесена.

* * *

* * *

Делумниот маж стана маж, без разделено срце.
Не беше светол и темен со разделени гради. За првпат во својот живот можеше да биде верен.
Не мораше прво да се кара, за подоцна да разговара. Нервозата и агресијата беа сè помалку присутни.
Рамноправно ги распределуваше домашните обврски.
Переше, чистеше, приготвуваше храна и изненадувања.
Беше пријател, слуга, љубовник и беше сето тоа заедно.
Безрезервно сакаше, интересот беше на второ место.
Беше спремен да го даде својот живот за својата жена.
Знаеше дека без жена не може да има деца и беше спремен да го даде својот живот за своите деца.
Сакаше бескрајно со разум и срце, сонуваше буден.
...
Мажот знаеше како изгледа неговата идеална жена.
Ги затвори очите, повторно виде убава насмевка, елеганција, дипломатија, верност, разиграност, нежност и самостојност која сака биде со својот маж.
Виде дека е едноставна и не се меша во машката интима.
Тогаш целосно му се склопи мозаикот.
Виде дека знае да живее и во богатство и во немаштија.
Знае дека ако е во градината, никогаш нема ништо да ѝ недостасува. Знае дека сè друго ќе ѝ се придодаде.
Виде дека знае дека бракот е заедница од тројца.

Виде дека не се занесува дека мајката повеќе сака. Знае дека татковата љубов е исто силна како мајчината.
Виде дека ги учи и воспитува своите синови моливчињата да ги чуваат за брачниот ден.
Виде дека ги подготвува своите синови и ќерки да го најдат својот партнер. Да влезат во градината и да јадат само од дрвото на животот.
Виде дека ги подготвува своите синови и ќерки да имаат карактер, да се облечат во светлина.
...
Но мажот виде и други идеални жени.

* * *

* * *

Поету,
дозволи ми да го прекинам раскажувањето.
...
Сакам да те прашам: „Како е можно момчето да сака повеќе пати и како стана маж, без нервоза и агресија, без гради со мрак?“
И како може да биде маж, а да нема жена?

* * *

* * *

Човеку,
сетисе кога детето беше со првата девојка. Кога за прв пат почувствува нешто во своите гради.
Сакаше да е жив, го бараше во тоа чувство.
Се трудеше добрината да не го напушти, да не ја изгуби искрената насмевка.
Никогаш не престана да верува во другарството.
Жените за него не беа број. Ги почитуваше тие кои се трудат да бидат сигурни и имаат свој став. Не сакаше слепа послушност, глума и сплетки.
Ја сакаше сериозноста, но ѝ смеата играта и фантазирањето со нив.
Знаеше дека може да има почитување без љубов, кое е лажно.
Знаеше дека љубовта е почитување, вистинско почитување.
Се трудеше да не ги повторува грешките од минатото, и бараше да му простат.
Научи и да простува. Научи дека не тешко да простиш ако некој тоа го побара.
Научи дека од моментот на простување само една работа се менува. Се менува дали довербата ќе продолжи од исто место или ќе се врати за неколку или за многу чекори наназад.

...

Даваше колку што можеше.

Најпрво беше злато кое Господарот го прочисти, но не целосно. Подоцна беше бисер, но не му дозволи на Господарот да го извади на виделина.

Подоцна порасна, се покори целосно на Господарот, успеа да се всели во небесниот град, во градината без мрак.

...

Имаше пократок и полесен пат со помалку страдања, но не го знаеше.

Многу од страдањата негови и на неговите сакани можеа да се избегнат, ако знаеше дека бракот е заедница од тројца.

Но добро е што не се откажуваше, што стануваше и продолжуваше.

Добро е што не бегаше и преземаше одговорност за постапките, што покрај сѐ, продолжи да верува дека ќе живее во градината.

...

Човеку, на второто прашање: „Како може да биде маж, а да нема жена“? Ќе ти одговорам, дослушај ја до крај приказнава.

* * *

* * *

Еден ден ја здогледа жената со руво во бело,
најголемата насмевка на која посака да ѝ служи.

Жената на која времето срцето не ѝ го уморува,
движечка голема која опстојува со векови.
Нејзиниот глас е нежен како срце што бие,
говорот освојува како ветар што милува.

Нејзината песна ги бранува водите,
го разигрува спојот на водата и копното,
го разгорува огнот, земјата ја милува.
Таа е страст која ослободува од зависност.

Таа низ сите векови се подготвува за свадбата,
најголемата свадба со нејзиниот младоженец,
господарот на градината, господарот на срцето.
Таа е облечена во бело, а околу има светлина.

Во градината ечеше најубавата песна,
во прегратка танцуваа огнот и водата.

* * *

* * *

Ги здогледа жените со руво од виножито,
насмеани верно ѝ служеа на жената во бело.

Идеалните жени служеја во градината.
Кога пееја, тоа беше песна на жената во бело,
кога зборуваа, зборуваше жената во бело.
Учествуваа во подготовките на свадбата,
на жената во бело и господарот на градината.

Тие беа девици кои имаа многу деца -
ги сакаа сите деца на светот како свои.

Безрезервно сакаа, без интерес,
интересот им беше на второ место.
Беа спремни да го дадат својот живот
за жената во бело и нивните деца.

Им помагаа на родителите да воспитуват,
им помагаа на децата да разбираат,
да не се топли и млаки со разделено срце.
Им помагаа како да имаат гради без мрак.

Тие беа девици кои имаа многу деца,
некои од нив имаа, некои немаа мажи.

* * *

* * *

Човеку, се надевам приказнава барем малку ти помогна.

Се надевам ќе ја најдеш твојата идеална жена. И ќе ги залеваш нејзините гради со вечност, да не венеат двата цвета.

Се надевам нема да бидаш светол и темен со разделени гради.

...

И уште ова сакам да ти го кажам: „Идеален се станува ако си искрен и ако имаш волја да бидеш идеален.

Ако волјата доаѓа од Господарот на градината, во истиот момент стануваш идеален. Иако имаш маани, тие маани водата ќе ги измие, огнот ќе ги изгори, а земјата ќе ги закопа.

Ќе леташ подигнуван од ветерот со крилјата на спонтаноста и природноста, подигнуван од слободата во бескрајниот мир.

И дали тогаш секојдневието може да се претвори во бескрајна здодевност?

Дали заплискувањето на езерото на чистотата беше здодевно?

Дали заплискувањето на морето, океанот и небесниот океан беше здодевно?

Големи, поголеми и уште поголеми можат да бидат

само вистинските вредности. Тоа е бескрајниот танц на кого времето срцето не му го уморува.
Тоа е танцот на огнот и водата, крв и вода, моќ во гради што бие.

* * *

* * *

Поету,

Фала ти за сè, сега ме остави без зборови.

...

Имам уште многу прашања, но сега знам каде да ги барам одговорите.

Ќе ја прашувам жената во бело, нејзините слуги и сите добри луѓе кои ја слушаат најубавата песна. Сите кои престојуваат во градината и кои го познаваат нејзинот господар.

Те молам доврши ја твојата песма.

* * *

* * *

... Се надополнуваа, едно тело без непријатели
нивните непријатели одамна се мртви.
Едно тело кое живееше во најубавата градина,
со опојни мириси од најубавите цветови,
од најубавите плодови на мислите и чувствата
кои доаѓаа од нивното неподелено срце.

Дојде време кога заспаа, ја чекаа зората,
да го отсонуваат и врелиот и ладниот сон.
Заедно поминаа низ огнената пустина,
се држеа за рака под смрзнатото море,
земјата не го покри нивниот карактер.
Сите страшни урагани не ги разделија.

Тогаш ги разбуди најубавата песна,
се отворија портите во небесниот град,
се радуваше небото кога тие зачекорија
го видоа небесниот престол и Господарот.

Ја видоа водата бистра како кристал.
Реката на животот течеше од престолот
по главната улица, а од двете страни
се наоѓаше дрвото на животот.

Се разлеаја најубавите мисли и чувства
уживаа во плодовите кои растат во бескрај
вистински вредности од дрвото на животот:
Радост, мир, добрина, умереност, верност..

Имаа многу деца. Некои влегоа во градот
другите избраа да победи нивното јас.
Останаа млаки со поделено срце,
иако никогаш така не ги воспитуваа.

Се противеа, не ја признаа вината
не се покааја, верува во два господари.
Имаа поделено срце, уште илјада години
продолжија да го сонуваат ладнот сон.

Најголемата свадба одамна помина.
Среќно живеат во небесниот град,
идеалните кои ја сочуваа верата
и заповедите на господарот на срцето.

Повеќе нема ни мажење ни женење
жената во бело и младоженецот се едно.

* * *

* * *

Поету,
дали во небесниот град се девојките со руво од оган, вода и земја? Дали се таму твоите најблиски, дали јас и мојата сакана сме таму?
...
Човеку,
подготовките за свадбата се при крај.
Слушни како трубат трубите. Се наближува празникот кој ќе се слави насекаде.
Погледни на планината, покрај големиот камен е собирното место коешто го уреди нашиот ангел.
Погледни ги жените во виножито одат во пресрет на младоженецот. Напред оди Македонката Илина која го доткаа златниот појас за младоженецот. Го ткаеја со златен конец без нечистотија низ сите времиња жените кои служеја во градината.
По неа одат жените во виножито, кои ја исткааја облеката за младоженецот. Ја ткаеја низ сите времиња со бисерен конец кои го извадија од морето, за да не може никој да ја раскине нивната вера во него.
По нив одат жените во црвено, зелено, сино, кафеаво... Жените кои ги спремија најубавите дарови, плодовите од градината, од срцето ги извлекоа најубавите сокови. Круши, дуњи и други плодови со вкус и мирис на радост, мир, добрина, самоконтрола, умереност, верност,

стрпливост, добрина...
Тоа се жените кои знаат дека бракот е заедница од тројца, од маж, жена и господарот на градината. Тоа е спојот што дава плод од добри желби кој е вкусен, кој не е отровен.
Одат мажите и жените во пресрет на младоженецот.
...
Посакувам на собирното место да се женате со руво со боја на оган и со руво со боја на вода. Посакувам таму да е и мојата фамилија, најдобриот другар и пријатели, сепак тоа е нивни избор.
Посакувам и фамилијата на жената со руво со боја од земја да биде таму, сепак тоа е нивни избор.
Мил човеку, посакувам таму да си и ти и твојата сакана, сепак тоа е ваш избор.
Посакувам таму да си и ти драг читателу, сепак тоа е твој избор.
Посакувам да се облечете во свадбена облека, да не служите на два господара, да не сте топли и млаки со разделено срце и ум. Вашите светилки да светат со светлина од вашиот карактер до крајот.
Посакувам таму да сум и јас.
...
Посакувам кога ќе помине сè, кога повеќе нема да има време и соништа, кога ќе застанам пред вратата да ме кренеш, да не стојам на колена жеден за твојата прошка. Да ме гушнеш, да ме примиш да влезам.



*Ракопис на дел од поемата почната со пишување 1998 и делумно завршена 26.01.1999*



*Ракопис на дел од поемата 28.02.2007*